# ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ | 2014 |

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Јуни 2015

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ДО КРАЈОТ НА 2014 ГОДИНА

*Фондацијата Отворено општество – Македонија* (*ФООМ*), во рамките на својата стратегија за периодот 2014-2017 година, ги насочува сопствените ресурси и напори кон враќање на демократијата и демократското владеење, како своја долгорочна цел, преку:

- Поддршка на 12 граѓански организации за унапредување на следниве области кои се идентификувани како најзагрозени: 1) слобода на изразување; 2) унапредување на човековите права во здравството; 3) младинска ангажираност за општествени промени; 4) борба против корупцијата; 5) мониторинг и документирање на човековите права; и 6) буџетска транспарентност. Овие организации имаат релевантна експертиза, пристап до соодветни целни групи, добро изградени коалиции и база на алумни, што им овозможува ефикасно да ги артикулираат сопствените стратегии и да одговорат на можните предизвици и околности;
- Спроведување три концепти: Зајакнување и мобилизација на граѓаните, Општина по мерка на граѓаните и Интеграција на Ромите.

## ПОДДРШКА НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ

**Клучни постигнувања и/или активности кои ја обележаа работата на организациите поддржани во стратешките области на *ФООМ* во 2014 година**

### ОБЛАСТ 1:
### СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

#### ▪ ОНЛАЈН МЕДИУМИ ▪

Четирите информативни онлајн медиуми (*А1он.мк*; *Плусинфо.мк*; *Порталб.мк* и *Окно.мк*) понудија поинаков пристап при информирањето на граѓаните во Македонија. За разлика од традиционалните медиуми, тие им овозможија на граѓаните информации од настани и актуелни теми кои во мејнстрим медиуми или воопшто не беа третирани или беа маргинализирани и покрај нивното значење и опфат. Покрај ваквото алтернативно известување за важни теми и настани кои се случуваат во Македонија, овие онлајн медиуми истовремено понудија преноси, точно и непристрасно информирање на граѓаните за теми однадвор, а кои се однесуваат на состојбите во Македонија.

За нивното влијание и за нивниот рејтинг меѓу граѓаните, како и за нивната читаност и гледаност, говорат податоците добиени од YouTube, Google Analytics, GRID.MK каде што се забележува очигледен пораст на бројот на гледачи и читатели. Кај *А1он.мк*, бројот на прегледани видеа на сервисот YouTube е двојно зголемен во 2014 година, споредено со претходната 2013 година, а кај *Плусинфо.мк* и кај *Порталб.мк* евидентна е нагорната линија во бројот на читатели, споредено со 2013 година.

## ▪ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА МЕДИУМИ ▪

Во организација на *Центарот за развој на медиуми* (*ЦРМ*), и со негова медијација, постигнат е договор со кој 9 информативни веб-страници ги уредија принципите за фер употреба на туѓи авторски дела во известувањето и прифатија саморегулаторни принципи за авторските права за онлајн медиумите. Беше промовирано дополнетото и изменето издание на „Прирачник за авторското право и сродните права за електронските медиуми" (група автори од Правен факултет), како и документ за јавна политика „Од МРТ до независна јавносервисна радиодифузија во Македонија" (автор: Климе Бабунски). *ЦРМ* организираше и две обуки на кои учествуваа по 15-тина учесници од информативните веб-страници во Македонија: обука за интеграција на граѓанското новинарство во онлајн медиумите и обука за авторското право и сродните права за онлајн медиумите.

Во рамките на активностите за следење на медиумската легислатива, *ЦРМ* подготви и издаде 3 квартални извештаи од мониторингот на судските случаи на навреда и клевета и 3 квартални извештаи за работата на регулаторните тела, Собранието, МИОА и МРТ. Во соработка со *ФООМ*, *ЦРМ* организираше дебата насловена „Слободата на изразување избркана од Собранието, па оставена пред врата на Уставниот суд: За што требаше да дебатира Уставниот суд при носење на одлуката за новинарите?" на која се расправаше за одлуката на Уставниот суд да го отфрли барањето на *Здружението на новинари на Македонија* (*ЗНМ*) и шест новинари по иницијативата за заштита на правата во врска со случувањата од 24 декември 2012 година.

## ▪ МЕТАМОРФОЗИС - ФОНДАЦИЈА ЗА ИНТЕРНЕТ И ОПШТЕСТВО ▪

Во текот на 2014 година, *Метаморфозис - Фондацијата за интернет и општество* (*Метаморфозис*) ја прошири и ја засили алтернативната инфраструктура за информирање и мобилизирање на граѓаните на Македонија со користење на новите технологии. Преку платформите и алатките развиени од *Метаморфозис*, како *Пинг* и *Кауза*, соработката со други НВО, мрежи и независни медиуми од земјата и странство, беше развиен систем за продукција и промоција на содржини насочени кон разбивањето на медиумската блокада во земјата и кон странство, при што во некои аспекти (на пр., написи за Македонија на *Глобал војсис*) таа продукција беше двојно зголемена во однос на 2013 година.

Преку низа обуки, менторства и тактичка поддршка на нивните напори и преку онлајн промоција на тематски мрежи на НВОи и независни медиуми беше зајакнат капацитетот на јадрото од невладини организации, активисти и интелектуалци за користење на новите технологии. Постепениот успех на усвојувањето на овој вид дејствување од страна на граѓанскиот сектор е видлив и во зголемениот ефект од употребата на нови технологии при организирањето, одвивањето и известувањето за протестите во втората половина на 2014 (на пр., против загадувањето во Тетово, студентските протести, протестите на хонорарците, протестите за ГТЦ итн.).

Во странство беше зголемена видливоста на случувањата во Македонија преку користење на меѓународните мрежи составени од граѓански организации, медиуми и/или активисти/блогери, како важен елемент за мобилизирање поддршка од меѓународната заедница и дипломатскиот кор, интернационалните институции и асоцијации. Беше остварена активна директна соработка за прашањата поврзани со слободата на говор во Македонија со мрежите на *Репортери без граници*, *ЕДРИ – Европски дигитални права*, *АПЦ*, *ИФЕКС*, *Глобал војсис* и др., како и *ОБСЕ* и претставникот за слобода на медиуми на *ОБСЕ*, *УНДП* и дипломатските претставништва во земјата. Заради опфаќање на сите заинтересирани страни, овие напори беа комбинирани со јавни настани посветени на вмрежувањето, лобирањето и застапувањето, меѓу кои конференциите „е-Општество.мк“ „Млади и медиуми“ (февруари) и „Човекови права на Интернет“ (декември), дебатите за слобода на изразување во Македонија и Франција (февруари), меѓународните денови на акција „Слобода наместо страв“ во Скопје, конференцијата ПОИНТ во Сараево и др., на кои учествуваа стотици претставници од граѓанскиот сектор и медиумите, државните и образовните институции и од приватниот сектор.

## ОБЛАСТ 2:
## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВОТО

### ▪ КОАЛИЦИЈА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ▪

Работата на *Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници* (*Коалиција СЗПМЗ*) во 2014 година беше насочена кон подобрување на состојбата со сексуалните и здравствени права на корисниците на дроги и ЛГБТИ заедницата. Заедничкото застапување со *Националната мрежа против хомофобијата и трансфобијата* резултираше со бришење на став 2 од амандманот 33 од уставните измени со кој вонбрачната заедница, но и сите останати форми на заедништво, кои продуцираат правно дејство, требаше да бидат дефинирани како заедница исклучиво меѓу еден маж и една жена. Успешно беше организирана втората по ред Недела на гордоста. По седумгодишно застапување конечно беа повлечени од употреба трите учебника по психијатрија и медицинска психологија за Медицински факултет кои содржеа хомофобни ставови. Извештајот за мониторинг на заедницата спроведен од страна на *ХОПС – Опции за здрав живот Скопје* и *Коалицијата СЗПМЗ* е цитиран во Стратегијата за дроги на РМ 2014-2020. Се презедоа активности за стратешко застапување во 10 случаи на прекршување на здравствените права, а 5 од нив се поднесоа пред Европскиот суд за човекови права. Отпочнати се и 2 нови постапки: случај на повреда на право на домување на ХИВ позитивно лице и случај на трансродово лице за промена на податоци во образовна институција.

Беше формиран тим од лекари од релевантна област од Македонија, кои беа на студиска посета во Белград, со цел сензибилизација за работа со трансродови лица, но и за застапување за овозможување медицинска промена на пол во Република Македонија. За првпат во државава, застапувањето за оваа промена е засилено со тим од лекари кои ќе го зајакнат процесот со својата стручност и професионалност. Започна соработка со Заводот

за социјални дејности во креирањето модул за работа со маргинализирани заедници кој ќе стане дел од официјалната и задолжителна обука за лиценцирање на стручните работници (социјалните работници) од центрите за социјална работа и ќе го спроведува Заводот.

*Коалицијата СЗПМЗ* изготви „Прирачник за меѓународни стандарди за заштита од дискриминација врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет", а направи и анализа на законите и политиките со кои се уредуваат ингеренциите на полицијата и на законите коишто ги третираат поседувањето droги, овозможувањето употреба, производство и пуштање во промет на наркотични средства. Наодите од спроведените фокус групи со корисници на дроги во 6 општини во РМ беа презентирани на Националната конференција за политики за дроги. Како резултат од активностите за застапување, 7 политички партии ја потпишаа Декларацијата за осуда на говор на омраза и дискриминаторски говор кон жените, лезбијките, геј мажите, бисексуалците, трансродните лица и маргинализираните заедници; Комисијата за заштита од дискриминација за првпат ја споменува во нејзиниот годишен извештај дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација како општествен проблем и констатира дека дискриминацијата најчесто е намерна и мотивирана од омраза кон определени етнички групи, маргинализирани групи, ЛГБТ популацијата итн. Во рамките на Универзалниот периодичен преглед на ОН за Македонија, 24 од вкупно 104 усвоени нацрт-препораки се во врска со заштитата од дискриминација, 5 од нив се однесуваат на дискриминацијата на ЛГБТ заедницата, а 4 за родовата нееднаквост. Беа реализирани две кампањи, „Кажи НЕ на хомофобијата и трансфобијата", и кампањата „Член 3 - иницијатива за поддршка и солидарност за подобрување на заштитата од дискриминација на ЛГБТИ заедницата". Снимени се 7 видеа како дел од стратегијата за видеозастапување за измени на Законот за заштита и спречување на дискриминација (ЗСЗД). *Коалицијата СЗПМЗ* стана дел од работната група предводена од *Хелсиншкиот комитет за човекови права* во РМ и *НДИ* (*National Democratic Institute*) за измени и дополнувања на ЗСЗД.

## ▪ ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ ▪

Во текот на 2014 година, во рамки на програмата на *ХОПС – Опции за здрав живот Скопје* (*ХОПС*) за обезбедување правна помош за сексуалните работници и корисници на дроги и на програмата за застапување за правата на малолетни лица корисници на дроги, 22 корисници на дрога добија 173 услуги, 8 од нив за правото на лекување, застапување пред суд за случаи на прекршување на здравствените права и дискриминација во уживањето на правата на Роми корисници на дрога, застапување на брачни партнери Роми корисници на дрога. Беа реализирани 17 теренски посети и контакти со 6 нови деца кои употребуваат дроги (вкупно 15 од почетокот на годината). *ХОПС* спроведе истражување/проценка на знаењата на сексуалните работници за постоечката законска регулација на сексуалната работа, како и нивните видувања за други постоечки модели на регулација. Со ова беа опфатени 310 сексуални работници од 4 градови. Се обезбедија правна помош и застапување на 3 сексуални работнички кај кои е утврдена повреда на правото на приватност од страна на 5 медиуми, како и правна помош и застапување на 13 сексуални работници приведени и присилно тестирани за ХИВ/хепатит пред правосудните органи

во Република Македонија. Беше обезбедена и континуирана психосоцијална помош на сексуалните работници.

На конференцијата за третман на млади зависни од дроги присуствуваа 25 учесници и претставник од организацијата *Дијалог* од Виена, при што беа презентирани нивните искуства во третманот на млади зависни од дроги. Се изготви и се промовираше „Водич за третман и грижа на децата кои употребуваат дрога“ и се спроведе евалуација на ефективноста на процесот на мониторинг и застапување. Издаден е вториот број на магазинот „Дроги: политики и практики“. Се одржа и Национална конференција за политки за дроги, со учество на претставници од ресорни министерства, институции, факултети, здруженија на граѓани и лица кои употребуваат дроги од Македонија, како и учесници од Република Чешка, Словенија и Русија. Во 6 случаи беше обезбедена правна помош за заштита на права на корисници на дроги во случаи на оневозможување пристап до третман и случаи на дискриминација. Се спроведе истражување за третманот на хепатитис Ц во Република Македонија и беше организирана тридневна конференција за професионалци за споделување искуства и добри практики во третманот на хепатит Ц, со гости од Грузија.

Обезбедено е видеодокументирање на настаните и продуцирани се 6 видеоприлози и 1 документарно видео со Народниот правобранител и претставници од Дневниот центар за превенција и третман на зависности. Во декември започна медиумската кампања која ќе продолжи и во текот на 2015 година.

## ОБЛАСТ 3:
## МЛАДИНСКА АНГАЖИРАНОСТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ

### ▪ МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ ▪

Во 2014 година, 1800 млади лица беа директно вклучени во активностите на 44 младински клубови на *Младинскиот образовен форум* (*МОФ*) за Дебата, Учиме право и Медиа/Арт во 16 градови во Македонија (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Дебар, Кичево, Струга, Битола, Делчево, Неготино, Кратово, Гевгелија, Гостивар, Ресен, Штип, Струмица). Тие организираа и 22 сопствени иницијативи во форма на јавни дебати за актуелни прашања, перформанси, изложби, волонтерска акција за спортски центар во Тетово, настани за велосипедистите итн. Младинските клубови се места за едукација и здружување на младите лидери, за соработка на младите од различни заедници, за компензирање на недостатоците на формалното образование во насока на градење активни граѓани и за поддршка на младинските идеи и активизам. Беа организирани седум дебатни турнири, од кои 2 на национално ниво, со вкупно 300 дебатери и 170 дебати. Се одржа и првиот меѓународен дебатен турнир за студенти во Македонија на кој учествуваа студенти од земјите од регионот.

*МОФ* ја интензивираше работата насочена кон јакнење на формите на средношколско организирање во училиштата и работеше со средношколски заедници во 8 училишта. Активностите опфатија 250 средношколци кои ги градеа своите капацитети преку обуки и тренинзи, менторство, креирање годишна програма за работа на заедниците. Со ова, на

локално ниво постепено се креираат услови за здружување во национална заедница на средношколци.

Истражувањето на *МОФ* „Насилството кај средношколците“ е првото истражување кое дава приказ на перцепциите на средношколците за насилството во Македонија. Беа направени и истражувања за спроведувањето на Националната стратегија за млади 2005 – 2015, академска и студентска мобилност, граѓанска ефикасност, конформизам и локусна контрола кај студентската популација.

Со поддршка на *ФООМ* и Европската комисија, *МОФ* започна со фасилитирање процеси за креирање локални младински совети и локални политики за млади во 12 општини. Беа формирани 12 младински јадра, а потоа и иницијативни одбори со близу 200 млади – претставници на различни форми на здружување кои посетија вкупно 80 обуки за јакнење на нивните капацитети. Веќе се формирани 3 младински совети, а останатите се во процес на креирање, по што ќе следува развивање политики за млади во овие општини.

Во јуни, по трет пат беше организирана конференцијата за општествен активизам „ENGAGE“ на која покрај домашните говорници, учествуваше и гостинка од Украина. Имаше 3000 посетители и 500 онлајн гледачи, а клучните теми беа граѓанскиот активизам во Македонија, слободата на медиумите, истражувачкото новинарство, уметноста и сатирата како политички алатки, начнати низ презентации и работилници од 20 говорници. *Радио МОФ* продолжи со транспарентно и професионално известување за младински, граѓански и образовни теми. Во 2014 година беа објавени над 300 текстови, продуцирани над 1000 епизоди од 26 емисии, а објавените вести имаа над 400.000 уникатни посети од различни лица.

## ОБЛАСТ 4:
## БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

### ▪ МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ ▪

Во 2014 година, *Македонскиот центар за европско образование* (*МЦЕО*) публикуваше пет истражувачки студии: „Врамување во европска рамка за заштита на човековите права“, „Старо купувам: Новата европска приказна за Македонија – европеизација на политичките партии“, „Слободата на движење на Ромите во светло на визната либерализација“, „Политичка култура, европеизација и стравови во Македонија, студија од истражувањето *Еврометар*“ и „Прекутрупа во Европа: Студија за искористеноста на средствата од Програмите на Заедницата 2007–2013“. Изработени беа и дванаесет документи за јавни политики за политиката на конкуренција во Македонија, поглавје 23 (Судство и темелни права), граѓанскиот активизам и политичката култура, уставните измени и нивната усогласеност со стандардите на ЕУ, како и за најголемите предизвици на патот на Македонија кон отворање на преговорите за членство во ЕУ.

*МЦЕО* ги искористи овие документи за застапување и зајакнување на проевропската страна на јавниот дискурс, но и за институционалната борба за прифаќање на европските вредности и стандарди. *МЦЕО* редовно учествуваше во консултациите на Делегацијата на ЕУ во Скопје за креирање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија, како и на настаните организирани за консултација со Секретаријатот за европски прашања и други институции и организации. *МЦЕО* имаше преку 40 медиумски објави и гостувања за застапување на идеите за забрзано и суштинско пристапување на Македонија во ЕУ. *МЦЕО* е носечка организација во „ИПА 2 механизмот" кој ќе работи до 2020 година и ќе претставува платформа за подобро програмирање на фондовите на ЕУ за граѓанските организации. Овој механизам е признаен од Делегацијата на ЕУ како легитимен и е спомнат во Извештајот за напредокот на ЕК за 2014 год.

Во 2014 година, *МЦЕО* го подобри меѓународното вмрежување и стана членка на престижната мрежа на тинк-тенк организации во Европа (*EPIN- European Policy Institutes Network*). Претставници на организацијата учествуваа во повеќе од пет регионални конференции, школи и работни средби во повеќе држави од регионот и од ЕУ, каде се вклучија во регионалните процеси за истражување на степенот на европеизација на државите од регионот, преиспитување на политиката за проширување на ЕУ, мониторинг на користењето на ЕУ фондовите и сл. На сите овие настани беа презентирани документите изработени од *МЦЕО*. *МЦЕО* стана организација-известител за Македонија во реномираниот извештај за состојбата на европските интеграции низ цела Европа (EU28 Watch) од Институтот за европски политики од Берлин.

Во 2014 година, *МЦЕО* спроведе преку 30 дена обука и со нив опфати преку 150 лица (од локални власти, граѓански организации, новинари, адвокати и студенти). Темите на овие обуки вклучуваат: историјат на ЕУ, институции и донесување на одлуките, користење на фондовите на ЕУ, проучување на европската рамка за човековите права и сл.

## ОБЛАСТ 5:
## МОНИТОРИНГ И ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

### ▪ ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО РМ ▪

*Хелсиншкиот комитет за човекови права во РМ* (*МХК*) остана фокусиран на набљудувањето на состојбата со човековите права и нивната заштита и на обезбедувањето правна помош во случаи на прекршување на човековите права, особено во делот на слободата на изразување, дискриминацијата, правичното судење, слободата и безбедноста, остварувањето на правото на јавен собир и социјалната заштита.

Споредено со претходните години, во текот на 2014 година во *МХК* имаше зголемен број на барања за бесплатна правна помош и барања за набљудување на судски постапки, како и барања за правен совет за поднесување апликации до Европскиот суд за човекови права. Ова укажува на зголемена доверба на граѓаните кон *МХК* за пријавување на случаи на прекршување на нивните права, но и на зголемена свесност за прекршувањето на нивните

права. Ова произлегува од реакциите/алармите на *МХК*, месечните извештаи, изјавите и интервјуата на неговите претставници во медиумите. *МХК* ја актуализираше појавата на политички затвореници во РМ преку годишниот извештај, преку месечните извештаи, како и преку интервјуата на своите претставници/чки.

*МХК* особено се фокусираше на спречувањето и заштитата од дискриминација, особено на ранливите групи граѓани, како што се Ромите, ЛГБТИ заедницата, лицата со интелектуална и телесна попреченост (особено глувонемите и слепите лица) и жените, но и на дискриминацијата врз основа на политичка припадност. Преземајќи ја координацијата на *Мрежата за заштита од дискриминација*, во која членуваат организации кои работат со други маргинализирани групи, до институциите беа доставени и барања за дискриминација врз основа на здравствен статус (ХИВ), како и за корисници на дроги. Исто така, *МХК* спроведе тестирање на ситуација за дискриминацијата врз Ромите на граничните премини поради ограничувањето на правото на слободно напуштање на државата. Резултатите ја потврдија системската дискриминација врз Ромите од страна на Министерството за внатрешни работи, поради што беше поведена судска постапка.

*МХК*, исто така, активно работеше на здружување на граѓанскиот сектор за заеднички акции за заштита на човековите права, што опфати: 1) поднесување извештај во сенка до Обединетите нации за Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, при што дел од прашањата/проблемите беа прифатени од страна на ОН и беше посочено дека државата треба да одговори/работи на подобрување на состојбата со овие човекови права; 2) заеднички протести; 3) подготовка на документи за противуставноста на предлог-амандманите за промена на Уставот на РМ кои беа доставени до Владата на РМ и до сите пратеници во Собранието на РМ.

*МХК* беше препознаен како давател на бесплатна правна помош за остварување на правото на јавен собир/протест од страна на граѓаните/групите кои се појавуваа како организатори. Во скоро сите случаи на организирање настани од ваков тип, беше побарано од *МХК* да дадат правни совети за правата и обврските кои произлегуваат од Уставот на РМ и Законот за јавните собири. Дополнително, беше побарано и набљудување на ваквите собири, како и правна помош во случаите на прекршување на правата при ваквите собири од страна на институциите, особено од страна на Министерството за внатрешни работи. Дополнително, *МХК* ја запознаваше и јавноста за ваквите прекршувања преку соопштенија и месечни извештаи, што влијаеше на информирање на пошироката јавност и зголемување на свеста кај граѓаните за прекршените права на конкретните настани/собири.

## ОБЛАСТ 6:
## БУЏЕТСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ▪ ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ ▪

Во текот на 2014 година, *Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ* (*ЕСЕ*), преку мониторинг и анализа на буџетите, подготви анализа на имплементацијата на Програмата за скрининг за рак на грло на матка за 2012 година и утврдени се главните проблеми во нејзиното спроведување. Започнати се активности за мониторинг и анализа на буџетите на три превентивни програми на Министерството за здравство за 2013 година: Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата; Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите; и Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Доставени се 891 барање за слободен пристап до информации до извршителите на Програмите.

Во однос на мониторингот во заедницата и социјалната ревизија, обезбедена е техничка поддршка на три партнерски ромски организации. Подготвени се картички со оценки на заедницата за опфатот со вакцинација и превентивни здравствени услуги за седум општини. Спроведена е социјална ревизија за работата на патронажните сестри во три општини. Работата беше проширена и на опфаќање на Ромките со Програмата за скрининг на рак на грло на матка, а за таа цел, зајакнати беа капацитетите на трите организации преку одржување обука, подготвени се методологија и прашалници за спроведување истражување во заедницата. Издадена е публикацијата „Опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги", креирано е едно видео поврзано со имунизацијата, одржана е јавна дебата во рамките на Европската недела на имунизацијата.

Во текот на 2014 година, *ЕСЕ* во соработка со три граѓански организации кои работат на унапредување на положбата на Ромите, продолжи со обезбедување параправна помош во областа на здравствената заштита за Ромите. Заради јакнење на капацитетите на координаторите и параправниците, спроведени се една почетна и две континуирани обуки. Оваа година беше креирана електронска библиотека преку која параправниците можат во секое време да добијат информации за сите прашања кои им се потребни при нудењето помош и поддршка, односно, за начинот на остварување на здравствените права, но и останати прашања од интерес. Посебно внимание беше посветено на водењето на предметите/случаите на оние кои се обратиле за помош. За потребите на надзорот, поддршката и оцената на работата на параправниците, реализирани се 12 посети, по четири во секоја организација. Во 2014 година, параправниците им помогнаа на приближно 800 Роми, а посетија над 300 ромски семејства и едуцираа 300 Роми за различни прашања од областа на здравствените права.

Преку методологијата на родово одговорно буџетирање подготвени се: нацрт-анализа и препораки за унапредување на опфатот на жените со програмите за скрининг на рак на грло на матка и рак на дојка; истражување за неплатената нега на тешко болни лица во ромски семејства; анализа за спроведувањето на ОРИО грантот од холандската влада; нацрт-анализа за придонесот на Заедничката програма на ОН за јакнење на националните капацитети за спречување на семејното насилство во спроведувањето на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008–2011. Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, спроведен е мониторинг на реактивната и проактивната транспарентност (STAR survey) на повеќе јавни институции и установи (37 за проактивна и 74 за реактивна транспарентност). Исто така, *ЕСЕ* учествуваше во подготовката на акцискиот план во рамките на Иницијативата за

отворено владино партнерство. Во 2014 година е спроведена обука, со цел зајакнување на капацитетите на 20 претставници од 10 граѓански организации во однос на правото на здравје, организирање и финансирање на здравствениот систем во Република Македонија, буџетски процес на локално и национално ниво, методологии за мониторинг на буџети, мониторинг на заедницата и социјална ревизија.

## КОНЦЕПТИ ВО 2014 ГОДИНА

### Напредок во однос на клучните цели во 2014 година

## КОНЦЕПТ 1:
## ЗАЈАКНУВАЊЕ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

Целта на концептот за зајакнување и мобилизација на граѓаните е да придонесе за заживување на демократското владеење.

Првата цел на концептот е зајакнатите поединци, неформални групи и граѓански организации, координирани во отворена, инклузивна и непартиска платформа, да ги актуализираат акутните и провокативните прашања како одговор на уназадувањето на демократијата.

(1) *Платформата за граѓански политики АЈДЕ!* (*АЈДЕ!*) беше основана кон крајот на 2014 година од страна на 150 активисти. Покрај интензивните консултации и координации, платформата АЈДЕ! спроведе и неколку акции перформанси, со цел да ја алармира јавноста за отсуството на поделеност на власта меѓу Собранието и Владата, штетите од искористувањето на јавниот сервис МРТ за маркетиншките потреби на Владата, неодговорниот однос на Министерството за здравство кон третманот на малолетно лице, што резултираше со смрт. Неповолните решенија во законите за хонорарите ја мотивираа платформата АЈДЕ! да подготви активности за собирање потписи за покренување иницијатива за заштита на уставноста.

(2) Обуките за јакнење на капацитети ги посетија 300 активисти и претставници на граѓанските организации. Главен акцент во содржината на обуките беше ставен на комуникацијата со јавноста, препознавањето на пропагандата и манипулацијата и ефективното користење на алатките за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

(3) За да се овозможи граѓански одговор на опаѓачките демократски практики, беа доделени грантови за 10 инцијативи чиишто активности, меѓу другото, беа фокусирани на заштита на природни ресурси, мониторинг на предвремените избори, младинските и локалните политики, но и акциите за солидарност против растечката сиромаштија. Беа поддржани и 9 активисти од социјалните мрежи.

(4) Несоодветното имплементирање на актуелните политики и закони за информирање и анимирање на пошироката јавност, беше илустрирано со 15 АЛАРМИ објавени во печатените медиуми на македонски и на албански јазик.

(5) Клубот на граѓани за европска Македонија (ГЕМ клуб) продолжи да биде единствена алтернатива на стеснетиот јавен простор. 74 граѓански организации, тинк-тенк организации, неформални групи, издавачки куќи и самостојни баратели одржаа 215 јавни настани со вкупно 4616 учесници. 15-те јавни дебати во организација на *ФООМ* се однесуваа на теми поврзани со демократијата и диктатурата, културата и политиката во културата, архитектурата и Скопје 2014, македонското прашање низ историјата, политичките транзиции во Македонија и во регионот, слободата на изразување, уставните промени, граѓанскиот активизам и учество и економската состојба и растечката сиромаштија.

Во текот на 2014, *ФООМ* ги објави следниве книги: „Правила за радикалите - Практичен вовед за реалистичните радикали" од Соул Д. Алински, „Изворите на тоталитаризмот" од Хана Арент, „Енвер Хоџа" од Бленди Февзиу и „Верни до смрт" од Кит Браун.

Во текот на 2014 година, во рамките на **Проектот на УСАИД за граѓанско општество**, се реализирани 21 грант на граѓанските организации во рамките на две проектни компоненти: грантови за заеднички акции на граѓанските организации и работни стипендии за младите истражувачи и активисти во водечките граѓански организации.

Во средината на 2014 година беше продолжен договорот со *УСАИД* за имплементација на Проектот за граѓанско општество до август 2016. Беше објавен нов конкурс за доделување на два типа грантови – за граѓанските организации кои дејствуваат како демократски јадра во своите заедници и за граѓанските организации кои спроведуваат надгледување на властите и застапување засновано на истражувања. Беа селектирани 27 проекти.

Во рамките на активностите за застапување, а во соработка со партнерите и грантистите на проектот, се организираа три јавни дебати, и тоа: „Збор и слобода", дебата и промоција на Зборник (со *Институтот за општествени и хуманистички науки*); „Engage", конференција за друштвен активизам (со *Младинскиот образовен форум*); и регионалната конференција „Заштита на просторот за мирен јавен собир во Југоисточна Европа" (со *Реактор - Истражување во акција* и *Европскиот центар за непрофитно право*). Партнерската организација *Младински образовен форум* ја спроведе третата летна младинска академија, 8 обуки за 124 млади од Неготино, Ресен, Гевгелија, Прилеп и од Велес и 15 локални настани за младите.

Беа организирани воведни обуки за сите групи грантисти за подобрување на нивните капацитети за успешно спроведување на проектните активности (процедури за спроведување на проектите, финансиски и наративни извештаи, брендирање на јавните материјали и настани, комуникација и координација), обука за мониторинг и евалуација на проектите, обука за граѓански активизам, комуникација со јавноста, пропаганда и манипулација и слободен пристап до информациите од јавен карактер. Со обуките беа опфатени вкупно 138 учесници. Партнерската организација *Форум - Центар за стратегиско истражување и документација* во рамките на обуките за 5-тата и 6-тата генерација од Школата за активно граѓанство опфати 51 учесник, организираше средба на сите алумни на Школата и спроведе три акции на алумнистите.

Партнерската организација *Центар за граѓански комуникации* објави 9 периодични извештаи од мониторингот на јавните набавки на институциите на национално и на локално ниво.  Проектот објави 4 извештаи од мониторингот на пристапувањето во ЕУ подготвени од *Македонскиот центар за европско образование* објави и, 2 извештаја од мониторингот на спроведувањето на процесот на децентрализација и 4 документи за јавни политики (за подобрување на правната заштита во јавните набавки, за пописот и демографијата, за граѓанскиот активизам и за меѓуетничката интеграција).

Финалниот извештај од надворешната евалуација на Проектот на УСАИД за граѓанско општество (Management Systems International) покажа дека проектните активности имаат позитивно влијание и го зголемиле нивото на активизам, но повеќе на локално отколку на национално ниво. Извештајот  посочува дека проектот имал позитивно влијание врз политичкиот активизам и активизмот на граѓанските организации, како и на знаењето, вештините и мотивацијата за граѓански активизам.

Втората цел на концептот е зајакнување и мобилизирање на граѓаните за развивање алтернативни закони и политики на партиципативен начин, кои ќе ги демонстрираат придобивките од граѓанската вклученост и ќе ги мобилизираат актерите на граѓанското општество за преземање акции и зголемено дејствување за прашањата од јавен интерес.

(1) Беа формирани 2 работни групи составени од претставници на граѓанските организации и експерти, за да развијат решенија за алтерантивни закони за социјална заштита и за референдуми и граѓанска иницијатива. Концептот на новиот Закон за социјална заштита вклучи нови пристапи (минимален приход) и решенија за институционално одвојување на распределбата на дотациите за социјална заштита, децентрализација на социјалната заштита и редефинирање на категориите корисници, како и институционална структура и организација која може да обезбеди подобрена социјална заштита и ефикасна контрола врз истата. Концептот за Законот за рефрендум се фокусира на либерализацијата на процедурата за покренување граѓанска иницијатива, проширување на областите за кои може да се организира референдум и регулирање на финансирањето на референдумите.

Во рамките на годишниот договор за имплементација на **Регионалната програма за поддршка на истражувања** во општествените науки со Универзитетот од Фрибург, Швајцарија, на 6 организации од Македонија им беа доделени грантови за имплементација на регионални проекти. Од вкупно 67 вклучени истражувачи, 70% се жени и 58% се млади истражувачи. Поддршката во имплементацијата и мониторингот на имплементацијата ги обезбеди *ФООМ*. Пред почетокот на имплементацијата, 30 учесници во проектите се сретнаа во Скопје за да ги договорат оперативните планови и обврски. На меѓународниот семинар за академско пишување, кој се одржа во ноември во Скопје, присуствуваа 21 млад истражувач од регионот.

## КОНЦЕПТ 2:
## ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ГРАЃАНИТЕ

Во рамки на стратегијата на *ФООМ* за периодот 2014-2017 година, овој концепт предвиде креирање модел на општина по мерка на граѓаните во која се имплементира партиципативно креирање локални политики и се нудат квалитетни сервиси за граѓаните. Концептот таргетира три големи, урбани и мултиетнички општини (Струмица, Центар и Струга) во кои градоначалниците доаѓаат од различни опозициски полички партии (македонски и албански) и кои добија мандати на локалните избори во 2013 година.[1] На почетокот на 2014 година со нив беа потпишани договори за соработка во рамките на овој концептот.

Првата цел на концептот е насочена кон зајакнување на административните и финансиските капацитети за добро владеење на единиците на локалната самоуправа и училиштата. За да се постигне оваа цел, се имплементираа различни алатки и пристапи:

(1) Градење капацитети на општинската администрација и на претставници од советите на општините се обезбеди за стратешко планирање, партиципативно креирање политики, развој на комуникациски стратегии и финансирање преку програмите на ЕУ достапни за Македонија во секоја од трите општини. Нововработените општински службеници од сите три општини дополнително беа обучени за надлежностите на локалната самоуправа. Вкупно 231 учесник од вработените во општините и од членовите на советите на трите општини учествуваа на овие 5 таргетирани обуки. Вкупно 200 претставници од невладини организации од сите општини учествуваа на обуки за разбирање на надлежностите на единиците на локална самоуправа и за антидискириминација, со цел да можат да имплеменираат алатки за мониторинг на општините. Овие обуки се наменети да им помогнат на невладините организации да влијаат на процесите на креирање политики. Вкупно 251 претставник (раководства на училиштата, наставници, училишни одбори и преставници на родителски одбори) од училиштата во секоја општина беа обучени за демократско владеење, образование за социјална правда и партиципативно развивање повеќегодишни училишни планови. До крајот на 2014 година две средни училишта од Струга и Струмица и едно основно училиште од Центар ги подготвија своите тригодишни развојни планови кои треба да се имплементираат до крајот на предвиденото времетраење на концептот.

(2) Развивање локални политики на партиципативен начин се имплементираше преку фасилитиран процес и со техничка поддршка на работни групи составени од експерти, претставници од општините, претставници од невладиниот сектор и други засегнати страни. Вкупно 632 учесници беа вклучени во јавни расправи, дебати и работилници за развивање на локалните политики. Се изготвија локални политики за социјална заштита и образование, како општински надлежности кои засегаат најголем дел од населението, но и локални политики за млади и соработка со граѓанскиот сектор во секоја општина, и тие беа поднесени за усвојување од страна на советите на општините до крајот на 2014 година.

[1] На локалните избори во 2013 година, опозициските партии победија во 5 општини (од вкупно 81).

Втората цел во рамките на концептот е во насока на заживување на локалната демократија и зајакнување на граѓанското општество за активно учество во животот на заедницата. Оваа цел беше постигната преку комбинација на следниве алатки и приоди.

(1) Во последниот квартал од известувачкиот период беа формирани три центри на заедницата со поддршка и придонес од општините. Центрите обезбедија директни услуги за граѓаните, вклучувајќи неформално образование за млади и возрасни, како и правна и административна помош за граѓаните кои имаат потреба од ваква помош за соодветно остварување на нивните граѓански права и обврски. Исто така, центрите ги отстапија своите простории за граѓански и културни иницијативи и активности. Повеќе од 200 граѓани беа вклучени во активностите на центрите во заедницата предвидени со оперативните работни планови за тримесечниот период по нивното отворање. Освен тоа, центрите организираа 18 различни настани (дебати, обуки, информативни состаноци итн.) за граѓаните од трите општини. За секоја општина беа распределени мали грантови за преуредување на салите за состаноци на општинскиот совет, со цел да се поддржи учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки на локално ниво.

(2) Заложбата на *ФООМ* за подобрување на пристапот до правда во Македонија, со фокус на сиромашните и маргинализирани групи (сегрегирани според род, возраст, етничка припадност и според видови правни проблеми), резултираше со регистрација и поддршка на 6 граѓански организации за бесплатна правна помош кои обезбедија правни совети и претходна правна помош за 1243 граѓани. *ФООМ* обезбеди претставување пред суд за 13 баратели на бесплатна правна помош чии барања беа одбиени. Регистрираните организации надгледуваа 6 судски рочишта во случаи со одобрена бесплатна правна помош. Стратегијата за застапување насочена кон подобрување на Законот за бесплатна правна помош беше развиена за да се продолжат заложбите за еднаков пристап до правда за граѓаните и да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации кои работат на полето на човековите права. Проектот **Пристап до правда во Македонија** беше финансиран од Европската унија (Европски инструмент за демократија и човекови права) и *ФООМ*.

(3) Програмата **Форуми во заедницата**, финансирана од *Швајцарската агенција за соработка и развој* (*SDC*), беше спроведена во 2 општини (Тетово и Кривогаштани) и резултираше со имплементација на 2 проекта во локалните заедници. Беа организирани 12 форуми во заедницата, и со активно учество на граѓаните беа идентификувани приоритетни области и беа развиени проекти. Проектите (по еден во секоја општина) беа кофинансирани од страна на општините. На форумите во заедницата учествуваа вкупно 1116 граѓани. Моделот на форуми во заедницата се покажа како добра практика за широки консултации и вклучување на граѓаните во процесот на креирање јавни политики и донесување одлуки на локално ниво.

Податоците добиени од основната анализа и од истражувањето за задоволството на граѓаните во секоја општина, спроведени пред почетокот на активностите планирани во 2014 година, ќе ѝ овозможат на *ФООМ* да го оцени постигнатиот напредок и да планира приспособувања и промени во спроведувањето на концептот во идниот период.

**КОНЦЕПТ 3:**
**ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ**

Посветен на намалувањето на расчекорот меѓу политиките и практиките, како предуслов за интеграција на Ромите, овој концепт има за цел да постигне:

- јакнење на Ромите заради остварување на нивните здравствени права и заради подобрување на нивните образовни постигнувања; и
- барање отченост од Владата за развивање, буџетирање и испорака на ефективни и праведни системи за образование и здравство.

Долгорочните цели се одржување на интеграцијата на Ромите високо на националната агенда и по 2015 година и забрзување на напредокот во однос на исполнувањето на целите и задачите во областите здравство и образование од новата Национална стратегија за Ромите. Унапредувањето на заедничката работа и партнерството со Програмата за јавно здравство на *Фондациите Отворено општество* (*ФОО*), 13 ромски и неромски граѓански организации беа од централно значење за постигнување на 6-те клучни цели поставени за 2014 година.

(1) <u>Зајакнати Роми за остварување на здравствените права</u> - Континуираната поддршка за примена на иновативни приоди за правно зајакнување како здравствени интервенции, вклучувајќи параправна помош и застапување за правна заштита заснована на правата кои го унапредуваат здравјето, овозможи зајакнување на ромските организации за развивање методологија на работа и нејзино спроведување на теренот. Како резултат на тоа, 808 Роми од 3 општини (Шуто Оризари, Делчево и Пехчево) добија параправна помош; 744 ромски семејства од општините Прилеп и Битола добија бесплатна правна помош и логистичка поддршка за остварување на нивните права на здравствена заштита, здравствено осигурување и социјални права; добиени се 3 позитивни пресуди во случаи поврзани со прекршување на здравствените права (потврдени се лоши практики и доделено е обесштетување за нанесена материјална штета во 2 граѓански парници, потврдена е одговорноста на лекарот во 1 кривична парница); поднесена е ургенција до Државниот санитарен и здравствен инспекторат за дејствување во врска со повредата на репродуктивните права од страна на приватна гинеколошка ординација; иницирани се измени и дополнувања на Законот во врска со правото на здравствено осигурување (административни пречки за невработените лица при добивањето здравствено осигурување); испратени се известувања до релевантните институции и одржани се серија состаноци, и добиен е позитивен одговор од Народниот правобранител во врска со поднесената поплака за незаконско наплаќање на гинеколошките услуги. Во ромски заедници од 5 различни општини беа организирани јавни собири за зајакнување на заедницата во врска со препознавањето на повредите на човековите права на кои присуствуваа вкупно 102 лица.

(2) <u>Подобрена стапка на завршување основно образование меѓу ромските ученици и зголемен број дипломирани ромски средношколци и студенти</u> - Најголемата и најсеопфатна интервенција на *ФООМ* во образованието заврши во јуни 2014 година, со завршувањето на 10-годишниот Проект за образование на Роми (ПОР) финансиран од

*УСАИД* и *Детската фондација Песталоци*. *ФООМ* ги публикуваше наодите од извештајот од финалната надворешна евалуација на ПОР и ги сподели со клучните инволвирани и засегнати страни (наставници, директори на училишта, ученици, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, граѓански организации и донаторската заедница).

Проектот за образование на Роми, Програмата за стипендии за ромски студенти и Програмата за медицински стипендии за Ромите значително придонесоа за зголемување на бројот на дипломирани ромски средношколци и студенти во земјата. Во академската 2013/14 година, дипломираа 13 корисници на ПОР/Ромаверзитас, со што вкупниот број на дипломирани корисници на Ромаверзитас достигна 108, а вкупниот број на дипломирани корисници на Програмата за стипендии за ромски студенти достигна 100 за периодот 2004-2014 година. 11 Роми дипломираа на медицинските факултети и се вработија во државните институции. Дополнителните компоненти на Програмата за медицински стипендии за Ромите (застапување, користење на медиумски алатки и менторство), на 38 средношколци и студенти и 19 ментори, им овозможија зајакнување на знаењата и вештините во областите на застапување на здравствени политики, човекови права во здравството и процесите на одлучување.

(3) <u>Зголемени капацитети за работа со медиуми и напреден мониторинг на заедницата</u> - Со цел да обезбеди соодветна перспектива за ефективно застапување, заедно со градењето капацитети за методологиите во рамките на главните стратешки приоди, четири ромски граѓански организации, кои работат во областа на здравството, добија 5 дополнителни обуки (застапување, комуникации и односи со јавноста, аргументација и дебата, интернет-активизам и социјални медиуми, видео и аудиоактивизам). Како резултат на зајакнувањето, користејќи различни медиумски канали ја презентираа работата во однос на унапредувањето на здравјето на Ромите – емитувани се 6 кратки видеозаписи за различни здравствени проблеми и една телевизиска емисија посветена на гинеколошката ординација во Шуто Оризари. Преку публикувањето на вкупно 17 објави беше нагласена потребата од отворање на гинеколошка ординација во Шуто Оризари. Иницираната петиција за отворање гинеколошка ординација во Општина Шуто Оризари беше промовирана и проследена со образовен јавен настан за собирање потписи (собрани се 1570 потписи). На локалното радио во Делчево, емитувани се 20 радиоемисии посветени на најгорливите здравствени прашања меѓу Ромите; поднесена е електронска петиција за подобрување на службата за итна медицинска помош до Министерството за здравство; и одржани се прес-конференција и јавна дебата за имунизацијата на ромските деца.

Дополнително, во рамки на новата иницијатива за менување на наративите за Ромите во здравствената заштита, во соработка со Програмата за јавно здравство, *ФООМ* организираше 4-дневен семинар за подобрување на здравствените услуги за Ромите преку менување на негативните наративи, со учесници од различни групи засегнати страни (14 граѓански организации, универзитетски професори и општи лекари). Главната цел на овој настан беше запознавање со теориите и моделите на комуникации користени во формативното истражување за интервенциите за менување на ставовите и однесувањата, како и тоа учесниците да го почнат процесот на стратешко планирање за идентификување

на целните групи и за генерирање идеи за можните акции и тактики како дел од интервенцијата/те за менување на ставовите/наративите меѓу здравствените работници.

(4) <u>Донесени мерки за подобрување на квалитетот на услугите за имунизација и квалитетот на услугите за репродуктивно здравје</u> - Посветена на унапредувањето на здравствените и човековите права на Ромите, *ФООМ* го поддржува јакнењето на граѓанските организации за ефективно и стратешко користење на различни приоди и алатки за социјална отчетност со цел да бараат отчетност и транспарентност во финансирањето и испораката на здравствени услуги поврзани со имунизацијата и репродуктивното здравје на Ромите, на локално и национално ниво. Главната новина и придобивка од примената на овие алатки е во тоа што преку мониторингот на заедницата се овозможува зголемување на свесноста и разбирањето на ромските заедници за достапноста, квалитетот и за ефективноста на загарантираните услуги. Истовремено, се овозможува зајакнување на Ромите за само-застапување пред локалните и националните власти. Резултатите постигнати со примената на приодот за социјална отчетност вклучуваат: донесување 2 конкретни мерки и буџетски алокации во владината Програма за здравствена заштита на мајки и деца за 2014 година наменети за подобрување на услугите за имунизација (зголемен број посети од патронажни сестри и зголемени активности за идентификување неимунизирани деца); зголемена стапка на имунизација меѓу ромските деца (0 до 4 години) во 5 општини (Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Сарај, Карпош, Делчево); обезбедено учество на членови на граѓанските организации и заедници во Комитетот за безбедно мајчинство; подготовка и јавна презентација на картички со оценки на заедницата за имунизацијата и квалитетот на антенаталните услуги; запознавање на главните засегнати страни со клучните наоди од картичките со оценки; дефиниција на заеднички заклучоци за следните чекори во насока на подобрување на антенаталната нега за Ромите од Шуто Оризари; едукација на 536 жени за репродуктивните права итн.

(5) <u>Обезбедени истражувања и препораки за информирано застапување</u> - *ФООМ* поддржа пет истражувања кои обезбедија препораки и ги зајакнаа капацитетите на ромски активисти и граѓански организации за застапување за отчетност од државата за испораката на образовни и здравствени услуги за Ромите. Со цел да обезбеди информирано застапување на ромските и не ромските партнерски организации за здравствените прашања, беа публикувани: основната студија за состојбите со здравјето, здравствената заштита и правото на здравје кај Ромите во Република Македонија во споредба со другите етнички групи „Сите сме луѓе: секому здравствена заштита без разлика на етничката припадност“, и 2 одделни документа: „Влијанието на социјалните детерминанти врз здравјето на Ромите“ и „Здравјето на Ромите и нивниот пристап до здравствена заштита од родов аспект“. Резултатите од истражувањето за ставовите на здравствените работници кон Ромите, изработено во соработка со Школата за комуникации при Универзитетот во Мајами, ќе бидат искористени како основа при планирањето и креирањето на комуникациските интервенции.

За да се обезбеди информирано застапување во областа на образованието, се реализираа и три дополнителни истражувања. Првиот истражувачки извештај, „Имаат ли Ромите подобро образование денес?“, вклучува наоди од националната анкета за јавното

мислење, направена на репрезентативен примерок од Роми, за моменталната состојба во образованието, образовните бариери и за клучните фактори со најважно влијание врз образовните постигнувања на Ромите, а обезбедува и оценка на напредокот што Ромите денес го гледаат во образованието во споредба со ситуацијата пред почетокот на Декадата на Ромите. Вториот документ ги истражува присуството, формите и последиците од сегрегацијата на Ромите во образованието, во рамките на образовните политики и практики, и ги идентификува широко присутните перцепции, мислења и трендови за сегрегацијата меѓу ромското и неромското население. Третиот документ дава квалитативна анализа на националните стратешки документи за интеграција на Ромите од почетокот на Декадата до денес, од перспектива на човековите права.

(6) Создадена е неформална ромска мрежа за застапување за да овозможи ефективно застапување и учество на Ромите - Како резултат на поддршката од *ФООМ*, неформалната група на ромски активисти од 17 локални граѓански организации изготвија и доставија до Министерството за труд и социјална политика препораки за политиките за образование и здравствена заштита за новата Национална стратегија за Ромите. Дел од овие препораки кои се делумно вградени во Стратегијата се однесуваат на клучните проблеми, како и на критичните цели и мерки опфатени во поглавјата за образование и здравство. 11 граѓански организации подготвија и доставија заеднички поднесок за 18-та сесија на работната група за универзален периодичен преглед при ОН во кој ги наведуваат проблемите и препораките за подобрување на здравјето на маргинализираните групи, вклучувајќи ги и Ромите.

Се одржа серија од повеќе различни настани со ромските партнерски организации за да се истражат и да се надградат различните алатки за застапување (вмрежување, градење коалиции итн.) и да се постигне поефективно застапување за заеднички идентификуваните меѓусекторски теми во образованието и здравството, кои потекнуваат од Националната стратегија за Ромите како референтна рамка. На работилницата за ромските партнерски организации, кои работат во областите образование и здравство, која се однесуваше на менувањето на наративите за Ромите во контекст на здравствената заштита, беше иницирано стратешко планирање, идентификување на целните групи и идеи за можни акции и тактики како дел од иницијативата/-те за менување на ставовите/наративите меѓу здравствените работници. Граѓанските организации почнаа со подготовка на предлог-проекти за работа во 2015 година.

Претставници на *ФООМ* учествуваа на 5-от и 6-от состанок за Роми и Роми бегалци, организирани од страна на македонската Влада, додека претставници од медицинските факултети, персоналот на *ФОО*, невладини организации и други здравствени работници од 5 земји (Бугарија, Романија, Србија, Унгарија и Македонија) учествуваа на семинарот во Салцбург организиран од страна на Програмата за јавно здравство за менување на наративите за Ромите во контекст на здравствената заштита. 7 грантисти на *ФООМ*/ПЈЗ кои работат на правно зајакнување учествуваа на настанот „Состанок за пристап до правдата за Ромите во Европа“ во Будимпешта, организиран од Програмата за јавно здравство, Иницијативата за правда и Канцеларијата за ромски иницијативи.

**Вкупниот износ на средствата потрошени за спроведувањето на активностите на ФООМ во 2014 година изнесува 218.046.776 денари, од кои 165.706.323 денари потекнуваат од Фондациите Отворено општество а 52.340.452 денари од други донатори.**